**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/72

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јуни 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за внатрешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер

за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Осумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јуни 2020 година

2. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог – одлуки (за општините Штип, Долнени и Ресен)

3. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година, со Извештај на независен ревизор и предлог-одлуки

4. Годишна сметка на АД за аеродромски услуги, Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2019 година, Годишен извештај за работењето на АД за аеродромски услуги, Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2019 година и Извештај за резултатите од контрола на Надзорен одбор над управувањето со АД за аеродромски услуги, Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост за 2019 година, со Предлог-одлука

5. Информација во врска со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација

6. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за ТИРЗ и Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп шок абсорберс ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

7. Годишен извештај за работењето на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година

8. Информација во врска со потребата од постоење банкарска сметка при упис/отворање фирма во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија

9. Информација за начинот на имплементација на Еврокодовите-европски стандарди за проектирање на градежни конструкции

10. Информација во врска со назначувањето на националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/458 на Советот од 27 март 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија

12. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во период јануари - март 2020 година

13. Повик за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот

14. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „ставот 3 на“ од член 70 став 5, делот „ставот 4 на“ од член 70 став 8 и делот „ставот 4 на“ од член 70 став 10 од Законот за внатрешна пловидба

15. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.126/2020 година од 27.5.2020 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија

16. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92984 за КО Чаир на КП бр. 179 дел викано место/улица Босна и Херцеговина

17. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3607 за КО Центар 1 на КП бр.3985 викано место/улица П.Пчински

18. Кадровски прашања

19. Прашања и предлози

20. Информација за напредокот во спроведувањето на „Планот за имплементација на Стратегискиот Одбранбен Преглед (СОП) 2018“

21. Информација за објавените огласи за јавни набавки во месец мај 2020 година

22. Информација со Акциски план за Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (NSW) финансиран со кредит на Светска банка

23. Информација за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија (2015-2019) во 2019 година

24. Информација за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година

25. Акциски план на АД „Медиумска информативна агенција“, во државна сопственост – Скопје за имплементација на дадените препораки од конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија за 2018 година

26. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Национални шуми, за период јануари-март 2020 година

27. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус – производи од животинско потекло

28. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2020 година

29. Годишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година

30. Информација за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија у.бр.45/2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2020)

31. Информација за статусот на проектот - Реконструкција на железничката пруга Куманово - Бељаковце

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Осумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јуни 2020 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, почнувајќи од 26 јуни 2020 година (петок), да отпочнат со работа со посетители вежбални – теретани и фитнес клубови, со задолжително почитување на Протоколот за работа на вежбални - теретани и фитнес клубови од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, почнувајќи од 26 јуни 2020 година (петок), да отпочнат со работа кафетериите и угостителските објекти за исхрана во Република Северна Македонија, како и угостителските објекти и ресторани во моловите со посетители и во отворените и во затворените делови на овие објекти, со задолжително почитување на Протоколот за отворање и работа на кафетерии и Протоколот за отворање и работа на угостителските објекти за исхрана од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, без можност за организирање на музички настани на отворен и затворен простор.

Истовремено, почнувајќи од 26 јуни 2020 година (петок), моловите на територија на Република Северна Македонија може да отпочнат со работа и работни активности и во недела.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, почнувајќи од 26 јуни 2020 година (петок), да се отвораат сите гранични премини во Република Северна Македонија за премин на патници и возила, без досегашните воспоставени услови, процедури и мерки (без приложување на медицинска потврда од PCR тест направен 72 часа пред влез во државата, без спроведување во задолжителен државен карантин, без упатување во домашна изолација и без одобрение дадено од Главниот координативен кризен штаб).

Согласно ова, престанува да важи забраната за влез на странски државјани во Република Северна Македонија, како и воспоставениот Протокол за непречен транзит на странски државјани низ територијата на Република Северна Македонија.

По овој повод, престанува да важи потребата да се организираат и реализираат службени патувања на избрани и именувани лица, во странски држави, по претходно добиено одобрение од Главниот координативен кризен штаб.

Воедно, престанува да важи и забраната за организиран меѓународен автобуски превоз (автобус, комбе, минибус и сл.) кон странски држави.

5. Почнувајќи од 1 јули 2020 година (среда), да се отворат за сообраќај Меѓународниот Аеродром Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид и граничните премини на овие аеродроми, со задолжително почитување на протоколите за управување со аеродромите за време на пандемија.

Имајќи ги предвид претходно наведените заклучоци, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

6. Се задолжува Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат да изнајдат соодветен правен начин со цел укинување на издадените решенија за упатување на лица во домашна изолација или лица кои се спроведени во државен карантин (без оние лица кои се позитивни на COVID-19), а кои влегле на територијата на Република Северна Македонија од странски држави.

7. Се задолжува Секторот за односи со јавноста на Владата на Република Северна Македонија соодветно да ја информира јавноста за овие заклучоци и одлуки на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 2

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините Штип, Долнени и Ресен, со предлог-одлуки, со заклучок истата да се разгледа по завршување на изборниот процес.

## Точка 3

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година, со Извештај на независен ревизор и предлог-одлуки (нов текст) ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по Годишната сметка на АД за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2019 година, Годишниот извештај за работењето на АД за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2019 година и Извештајот за резултатите од контрола на Надзорен одбор над управувањето со АД за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација (нов текст).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош склучен со Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Скопје , во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата, согласно укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, посочува дека е потребно да се направи техничка корекција во наративниот дел за приходите (10.1.1), кој не кореспондира со Табеларниот преглед на остварените приходи од работењето.

**Точка 8**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата во врска со потребата од постоење банкарска сметка при упис/отворање фирма во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија, со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во соработка со Клириншката куќа КИБС АД и Македонска банкарска асоцијација Скопје да одржат состанок со цел да се изврши анализа на можните опции за начинот на отворање и активирање банкарска сметка при отворање фирма, да утврдат како истото би се спроведувало во праксата, да се произнесат за секоја од опциите и да ја известат Владата, најдоцна до крајот на јули 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за финансии, Народната банка на Република Северна Македонија и Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на претходно спроведената анализа од институциите наведени во Заклучокот бр.1, да ја утврдат потребата за измена на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање трансакциска сметка („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/14), во однос на начинот на отворање и активирање банкарска сметка, при отворање фирма и да ја известат Владата, најдоцна до крајот на август 2020 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за начинот на имплементација на Еврокодовите-европски стандарди за проектирање на градежни конструкции и го задолжи Министерството за транспорт и врски во рок од 60 дена да подготви Правилник за дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со назначувањето на националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог – одлука, со заклучок истата да се разгледа по завршување на изборниот процес.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/458 на Советот од 27 март 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во период јануари - март 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, а им се укажува на центрите за социјална работа и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2020 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапувањата по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за април, мај и јуни 2020 година, до 5 јули 2020 година да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 13

Владата го разгледа Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Македонски Телеком АД – Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА“ по однос на сите точки од Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот и тоа за точките:

1) Отворање на Собранието;
2) Избор на Претседавач;
3) Избор на бројачи на гласови и
4) Избор на Записничар.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 30 јуни 2020 година, во 11 часот да гласа на следниот начин:

За точка 1. Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да гласа „ЗА“.

За точка 2. Предлог-одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да гласа „ЗА“.

За точка 3. Предлог-одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, да гласа „ЗА“.

За точка 4. Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2019 година, да гласа „ЗА“.

За точка 5. Предлог-одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година, да гласа „ЗА“.

За точка 6. Предлог-одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар, да гласа „ЗА“.

За точка 7. Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2019 година, да гласа „ЗА“.

За точка 8. Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2019 година, да гласа „ЗА“.

За точка 9. Предлог-одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година, да гласа „ЗА“.

## Точка 14

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „ставот 3 на“ од член 70 став 5, делот „ставот 4 на“ од член 70 став 8 и делот „ставот 4 на“ од член 70 став 10 од Законот за внатрешна пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2007, 26/2009, 22/2010, 23/2011, 53/2011, 155/2012, 15/2013, 137/2013, 163/2013, 42/2014, 166/2014, 146/2015, 193/2015, 31/2016 и 64/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Во основниот текст на Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/07) е предвидена одредбата на членот 70 кој содржи 10 става, меѓу себе правно поврзани.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/09), членот 70 се дополнува со нов став 2 и се состои од вкупно 11 става.

Со ваквото додавање на новиот став 2 е направен пропуст од причина што не е извршено усогласување на спорните ставови, при што истите станале нелогични и предизвикуваат правна несигурност.

Тргнувајќи од ова, Владата укажува дека во наредните измени на Законот за внатрешната пловидба ќе го има во предвид усогласувањето на членот 70 и му предлага на Уставниот суд да ја отфрли Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „ставот 3 на“ од член 70 став 5, делот „ставот 4 на“ од член 70 став 8 и делот „ставот 4 на“ од член 70 став 10 од Законот за внатрешна пловидба(„Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2007, 26/2009, 22/2010, 23/2011, 53/2011, 155/2012, 15/2013, 137/2013, 163/2013, 42/2014, 166/2014, 146/2015, 193/2015, 31/2016 и 64/2018).

## Точка 15

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 126/2020 од 27 мај 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Со цел правилно одлучување на Уставниот суд на Република Северна Македонија, а имајќи ги предвид крајно несоодветните наводи во Иницијативата за оценка на уставноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/20), се укажува на следното:

На 16.2.2020 година беше усвоен Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“). Со овој закон влезе во примена член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018 и 248/2018). Членот 143 определува обврска за регулаторот донесување на соодветни подзаконски акти чии предмет на доуредување е регистрација на програмски сервиси од страна на операторите. Оттука, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во натамошниот текст: ААВМУ) на 28.2.2020 година отвори јавна расправа за овие подзаконски акти кои произлегуваат од член 143 од предметниот закон.

Јавната расправа е задолжителен процедурален елемент кој претходи на донесување на подзаконски акти од страна на ААВМУ. Конкретно, член 10 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/22019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020) (во натамошниот текст: ЗААВМУ), определува дека ААВМУ пред да донесе или измени подзаконски акт од своја надлежност, на својата веб страница јавно ќе го објави предложениот подзаконски акт, со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на предложениот подзаконски акт.

Во време на траење на јавната расправа е прогласена пандемија од Коронавирусот COVID-19. Заради оваа причина Претседателот на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр. 08-526/2 од 18 март 2020 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 68/2020. Оваа фактичка околност значи дека вонредната состојба е прогласена на 18-тиот ден од отворањето на јавната расправа, која јавна расправа согласно член 10 од ЗААВМУ треба да трае најмалку 30 дена. Од наведените причинско-последични околности јавната расправа започната од ААВМУ, а со тоа и донесувањето на подзаконските акти, мораше да биде прекината. Имено, немаше фактички услови за продолжување на јавната расправа која претходи на донесувањето на подзаконските акти. Од една страна заради избегнување на собири

за одржување на јавната расправа, а од друга страна целото внимание на сите, а вклучително и на медиумите, беше насочено кон развојот на пандемијата. За одржување на јавната расправа ќе беше потребно да има собири на повеќе лица во еден простор, што согласно препораките на Комисијата за заразни болести е забрането заради спречување на ширењето на COVID-19. Дополнително, сите медиуми во истиот овој период беа фокусирани кон информациите од јавен интерес, односно пренос на вести поврзани со вонредната состојба предизвикана од Коронавирусот. Оттука, а токму заради еднаков третман на медиумите и сите останати чинители во оваа сфера кои имаат правен интерес за подзаконските акти за кои беше отворена јавната расправа, соодветно, пропорционално и разумно беше да се одложи донесувањето на подзаконските акти од страна на ААВМУ.

Дополнително, овој начин определен со сега оспорената уредба, е буквално неопходен во услови на вонредна состојба, а со кој се овозможува функционирање на уставно-правниот поредок од една страна и ефикасно, флексибилно, пропорционално, разумно и добро балансирано Владата да ги уреди последиците од прогласувањето на вонредната состојба. Со ваквиот начин на уредување на последиците, односно со донесување на сега оспорената уредба, не постојат ниту фиктивни предуслови за дискриминација по било каков основ. Имено, со сега оспорената уредба операторите, радиодифузерите како и регулаторното тело, односно ААВМУ се еднакви.

Уставниот суд во својот реферат од Решението, со кое дури е изречена и времена мерка, цитира дека е потребно пропорционално и разумно да уредува и да нормира мерки со кои непосредно или посредно ќе се отстранат причините и последиците од вонредната состојба, но не утврдил дека токму со оваа уредба се обезбедуваат цитираните принципи произлезени од член 126 од Уставот. Дополнително, Уставниот суд во рефератот наведува дека е потребна преоценка од аспект на член 54 од Уставот, односно дали има дискриминација по наведените основи, но не утврдил дека со донесувањето на сега оспорената Уредба со законска сила во целост ја обезбедува еднаквоста и рамноправноста во оваа правна работа.

Уставниот суд декларативно навел дека вонредната состојба претставува состојба во која поради настанување на големи природни непогоди или епидемии, а се со цел справување со причините или последиците од истата, се нарушува воспоставениот ред и во такви околности во коишто се преземаат од страна на Владата, вонредната состојба е пропорционална, дизајнирана и насочена кон справување со причините на состојбата и последиците од истата и од тие причини Владата презема мерки коишто се во суштинска врска со причинителот и последиците, со времен карактер, но не утврдил дека токму тој времен карактер е определен во текстот на самата Уредба. Имено, во член 1 став 2 од предметната Уредба е наведено времетраењето, односно дека единствено за време на траење на вонредната состојба ќе се применуваат одредбите од истата.

Разгледувајќи го рефератот на Решението во кое се содржани и наводите од поднесената иницијатива против Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, од цитираната иницијатива не може да се утврди во што точно е спорна самата Уредба.

Имајќи го предвид и периодот на донесување на Решението, се укажува на следното:

Изречената времена мерка практично значи дека ААВМУ во март требало да ги донесе подзаконските акти, за што дознало два месеци подоцна, а конкретно во мај. Дополнително, Уставниот суд не ја земал воопшто во предвид Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, објавена истиот ден во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 123/2020.

Измената и дополнувањето на сега оспорената Уредба е соодветна на интензитетот на мерките за справување и спречување на ширење на последиците од Коронавирусот COVID-19. Заради обезбедување на правна сигурност од процедурален аспект, а од причина што согласно измената на сега оспорената Уредба, преостана да тече единствено рокот за донесување на подзаконските акти од страна на ААВМУ. Од овие причини, на 29.5.2020 година донесена е нова Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, истиот ден објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 140/2020. Со оваа нова уредба престанува да важи претходната, како и нејзиното изменување и дополнување. Во однос на Иницијативата пред Уставен суд, носењето на оваа нова уредба процедурално значи дека поднесената иницијатива за старата уредба е веќе беспредметна.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92984 за КО Чаир на КП бр. 179/1 дел викано место/улица Босна и Херцеговина и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3607 за КО Центар 1 на КП бр.3985 викано место/улица П.Пчински и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 18**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 19**

1. По повод информирањето на Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, во врска со барањето на Асоцијацијата на приватни установи за деца, за можноста за отворање и продолжување со работа на приватните установи за деца, Владата заклучи Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да го разгледа ова барање и да достави предлог до Владата за периодот, начинот на работа и соодветни протоколи за отпочнување со вршење на оваа дејност.

**2.** Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на пензии за јуни 2020 година, со следните заклучоци:

1) Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25.6.2020 година.

2) Се препорачува на деловните банки од петок 26.6.2020 година да обезбедат пензионерите со јунските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа.

3) Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- Во петок, на 26.06.2020 година исплата на пензии со висина до 11.000 денари;

- Во понеделник, на 29.06.2020 година исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;

- Во вторник, на 30.06.2020 година исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;

- Во среда, на 01.07.2020 година исплата на пензии во висина над 18.000 денари.“

**3.** Владата го разгледа и прифати Барањето на Министерството за финансии за измена на Заклучок од 46-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 април 2020 година и заклучи во Извадокот од Нацрт записникот од 46-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 април 2020 година по однос на точка 10 – „Информација за начинот на имплементација на правилата за потекло во рамки на Договорите за слободна трговија во услови на криза поради КОВИД-19“ заклучокот под реден број 2 да се преформулира и да гласи:
„Секретаријатот за европски прашања преку инструментите на Меѓународно ратификуваната спогодба за Стабилизација и асоцијација со ЕУ (ЦЦА), а каде како составен дел е Протоколот за потекло (ПЕМ), во соработка со Царинската управа да подготват Упатство – Насока за примена на оваа спогодба како и на другите Договори за слободна трговија од аспект на потеклото на стоките“.

**4.** Владата го разгледа Барањето за соодветно архитектонско - урбанистичко решение за нов објект за работа и концертирање на Национална установа Ансамбл за македонски народни игри и песни „Танец“ и го задолжи Министерството за култура да го разгледа Барањето и да предложи соодветно решение до Владата за проблемот со кој се соочува Националната установа Ансамбл за македонски народни игри и песни „Танец“.

**5.** Владата го разгледа Известувањето од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, доставено под бр.Р146/20 од 19 јуни 2020 година и притоа заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да изнајде механизми во однос на водењето/застапувањето на Владата во управните спорови пред управните судови, односно, надлежен државен правобранител од Државното правобранителство да учествува во тимот за застапување во управните спорови заедно со службеник овластен од органот.

**6.** Владата повод укажувањето на Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија за проблемот со запишувањето на ученици Роми во средните училишта и непресметувањето на поените од позитивната листа заклучи:

- Министерството за образование и наука да ги испита случаите каде се одбиени учениците Роми без да се пресметаат поените од позитивната листа и да преземе мерки и активности во рамките на законот, за надминување на овој проблем.

**7.** Владата по Решението за разрешување и именување, донесено од министерот за внатрешни работи под бр.13.3-51097/1 од 22.6.2020 година, донесе Одлука за поништување на Решение за разрешување и именување.

<u>**Точка 20**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведувањето на „Планот за имплементација на Стратегискиот Одбранбен Преглед (СОП) 2018“ (нов текст), како материјал за информирање.

<u>**Точка 21**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за објавените огласи за јавни набавки во мај 2020 година, како материјал за информирање (без заклучокот содржан во неа).

<u>**Точка 22**</u>

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (NSW), финансиран со кредит на Светска банка, како материјал за информирање.

<u>**Точка 23**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија (2015-2019) во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализацијата на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година, како материјал за информирање (без заклучокот содржан во неа).

**Точка 25**

Владата го разгледа Акцискиот план на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција, во државна сопственост, Скопје за имплементација на дадените препораки од конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Национални шуми"-П.О. Скопје, за периодот јануари-март 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажа надлежните органи на претпријатието да преземат мерки за намалување на непродуктивните расходи.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Заклучок произлезен од Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус – производи од животинско потекло, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата го разгледа Известувањето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за месец мај 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.143/2020) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рок од 10 (десет) дена од усвојувањето на оваа информација, да достави писмено известување и да оствари личен контакт и комуникација со секој јавнообвинителски службеник и со другите лица вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите на кои им биле исплатени соодветните парични средства согласно поништената Уредба со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.90/20 и 112/20), и да се побара во соодветен рок доброволно да ги вратат исплатените средства за плати.

2. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доколку лицата од предлог-заклучокот бр.1 во определениот рок не ги вратат исплатените средства, во рок од 7 (седум) дена од остварената комуникација со истите, да достави известување до Државното правобранителство на Република Северна Македонија заради преземање на соодветни правни средства, информирајќи ги за висината на исплатени плати и на средствата уплатени во фондовите по основ на придонеси и даноци.

3. Се препорачува на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, при преземањето на соодветни дејствија за враќање на исплатените средства од вработените во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, да го штити интересот и Буџетот на Република Северна Македонија и да најде најефикасен начин за решавање на предметите, преку постапка на успешна медијација или друга процесна можност без одолговлекување на постапките (спогодување), со цел да не се зголемуваат трошоците за постапките пред судовите, како и законските камати по тој основ.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на Проектот – Реконструкција на железничката пруга Куманово – Бељаковце и го усвои, со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија" – Скопје да ја отпочне постапката за раскинување на Договорот, со доставување на известување за раскинување на договорот до изведувачот.

2. Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски да изнајдат решение за финансирање на реномирана меѓународна адвокатска куќа со големо искуство за решавање на меѓународни спорови.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска